# ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИДНИТЕ ОБРАЗОВНИ СИСТЕМИ И НОВИ ОБРАЗОВНИ ТЕНДОВИ ВО ДЕНЕШНИТЕ УЧИЛНИЦИ

*Јилмаз Деликташ* [1]
[1] *ПСУ Јахја Кемал, Скопје*
e-mail: yilmaz.deliktas@ykc.edu.mk

Темпото на промена во светот во кој живееме не само што нѐ зачудува, но во исто време нѐ вџашува и нѐ прави очајни. На пример, некои од десетте најбарани професии денес не биле познати до пред само 15 години. Ова значи дека работиме со нашите деца за непостоечки работни места, а ги користиме технологиите кои сѐ уште не се измислени и ги обучуваме да ги решаваат проблемите што сѐ уште не ги знаеме. И денес, ние сме во светот, „светот на луѓе кои се подготвени да го променат сценариото кога ќе се вклучи екранот“. Заради тоа, развојот на „различни размислувања“ е предуслов за создавање вештини кои водат до иновативно и креативно размислување.

Сѐ започнува во училницата. Не е лесно да се одлучиме за промена и затоа повеќето наставници се затворени за иновации. Од друга страна, очигледно е дека оваа работа не оди добро со старите методи. Понекогаш се прашуваме: Кој метод треба да го користам за подобро да предавам? Што можеме да направиме во нашата сопствена училница, а во рамките на нашиот сегашен образовен систем?

Тука ќе се обидам да прикажам некои од практиките што се применуваат на часовите во различни земји од светот. При изборот на овие примени, се уверив дека денешните ученици се заинтересирани за трендови кои ќе ги привлечат и мотивираат. Мојата цел е да создадам љубопитност за новите модели. Некои од нив се:

1. Учење засновано на решавање проблемски задачи (problem based learning)
2. Учење засновано на проекти (project based learning)
3. Учење засновано на развојот на умот (brain-based learning)
4. Мешано учење (blended learning)
5. Превртено учење (flipped learning)
6. Учење засновано на игра (game based learning).